Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје
Примено: 08.06.2021
Орг. един. 14 1958/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

Бр. 08-477/4
28.05.2021

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/19), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа студиската програма од прв циклус на стручни студии (180 ЕКТС) по „Акушерка/акушер" на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на стручни студии (180 ЕКТС) по „Акушерка/акушер" на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добивање на Решение за акредитација бр.08-368/8 од 06.05.2021 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Медицински факултет при Универзитет "Св.Кирил и Методиј" - Скопје се обрати со барање бр.14-1958/1 од 07.05.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-477/1 од 07.05.2021 година, за утврдување на услови за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на стручни студии (180 ЕКТС) по „Акушерка/акушер" на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-477/2 од 10.05.2021 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 17.05.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-477/3 од 21.05.2021 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус на стручни студии (180 ЕКТС) по „Акушерка/акушер" на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

изработил: Милена Ефремовска